ИДСЦС Анализа на јавното мислење бр.3/2025

# Анализа на јавното мислење за македонскиот процес за пристапување кон ЕУ (2014-2024)

Автор: Иван Дамјановски

-

февруари 2025



IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

KONRAD ADENAUER STIFTUNG

*Гледиштата изразени во овој документ се на авторот и не нужно ги одразуваат гледиштата на Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за демократија “Социетас Цивилис” - Скопје.*

# Импресум

**Наслов:** Анализа на јавното мислење за македонскиот процес за пристапување кон ЕУ (2014-2024)

**Издавач:** Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија Институт за демократија „Социетас Цивилис“ - Скопје

**Авторки:** Иван Дамјановски

**Превод:** Гордан Танасков

**Дизајн:** Матеа Лондза Шумковска

**Публикацијата може бесплатно да се преземе на:**

https://idscs.org.mk

https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien

# Резиме на резултатите

- 62% од населението ги поддржува аспирациите за членство на Северна Македонија.
- Со тоа се запира четиригодишниот пад на поддршката за процесот на европска интеграција.
- Евроскептичната популација е со многу мал процент од 11%.
- Неопределените и апатичните испитаници сочинуваат четвртина од популацијата.
- Постои значителен диспаритет во поддршката за членство во ЕУ меѓу двете најголеми етнички групи во Северна Македонија, етничките Македонци и етничките Албанци.
- 56% од испитаниците кои се етнички Македонци ги поддржуваат аспирациите за членство на Северна Македонија во ЕУ.
- 82% од испитаниците кои се етнички Албанци ги поддржуваат аспирациите за членство на Северна Македонија во ЕУ.
- Степенот на образование е најстабилна детерминанта на поддршката за членство во ЕУ.
- Најмладите и највозрасните сегменти од населението имаат најмал ентузијазам во однос на идејата за членство во ЕУ.
- Третина од младата популација не би гласале на хипотетички референдум за членство на Северна Македонија во ЕУ.
- Членството во ЕУ останува важен сентимент за речиси 70 отсто од населението.
- Нешто повеќе од една третина од населението му придава големо значење на пристапувањето во ЕУ.

- За една третина од населението членството во ЕУ има мало или никакво значење.
- Етничките Македонци генерално се поголеми песимисти и покритични кон процесот на пристапување во споредба со етничките Албанци.
- Во 2024 година, за прв пат, помалку од половина од населението констатира барем одреден напредок во процесот на интеграција во ЕУ.
- Повеќе од една третина од испитаниците се на мислење дека воопшто нема напредок во процесот на пристапување.
- 43% од населението смета дека опструкциите од соседните земји се најголемата пречка за напредокот на Северна Македонија во ЕУ.
- Надворешните фактори, наместо домашните прашања, се сметаат за главни причини за забавувањето на процесот на пристапување на земјата во ЕУ.
- Македонската јавност развива пореални очекувања во однос на временската рамка за членство на Северна Македонија во ЕУ.
- Нешто помалку од една третина од населението смета дека членството во ЕУ може да се случи во следнава деценија, додека дополнителни 17% очекуваат тоа да се случи во следните 20 години.
- Сè уште е релативно висок бројот на испитаници кои се песимисти и кои не веруваат дека земјата некогаш ќе стане членка на ЕУ.
- Економските очекувања и понатаму се главните детерминанти за поддршка на членството во ЕУ.
- Мнозинството од испитаниците кои ја поддржуваат аспирацијата на Северна Македонија за членство во ЕУ го засноваат своето мислење на очекување на идните материјални придобивки од процесот на европска интеграција.
- Повеќе од една третина од испитаниците кои ги поддржуваат аспирациите за членство на Северна Македонија во ЕУ го засноваат своето мислење на очекувањата дека членството во ЕУ ќе го подобри животниот стандард во земјата.

- Скоро 60% од испитаниците кои се за членство во ЕУ се мотивирани од материјалните очекувања.
- Речиси една третина од населението верува дека економскиот развој ќе има најголема корист од успешното пристапување во ЕУ.
- Додека примарен двигател најчесто се економските придобивки, нематеријалните придобивки, како што се демократските реформи, стабилноста и културната интеграција, исто така, сè повеќе се препознаваат како клучни позитивни резултати од членството во ЕУ за Северна Македонија.
- 60% од населението не верува дека придобивките од пристапувањето во ЕУ ќе бидат доволни за да се спречи младата популација да ја напушти земјата.
- Загриженоста за идентитетот и општествените вредности стануваат централни прашања во формирањето на евроскептичните чувства кај македонската јавност.
- Голем дел од евроскептичните испитаници го засноваат своето мислење врз основа на своите перцепции за закани по културата и другите идентитетски детерминанти.
- Поддршката за членство во ЕУ кај симпатизерите на СДСМ целосно го одразува ставот на партиското раководство и изнесува 96 отсто.
- Се забележува значителна промена на ставовите кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ.
- Мнозинство од 55 отсто од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ ја поддржуваат идејата за членство во ЕУ, што е зголемување од 12 отсто во споредба со 2023 година.
- Значителен дел од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ се или против членството во ЕУ или се во таборот на неопределени или апатични испитаници.

# ВОВЕД

Поддршката за членство на Северна Македонија во Европската Унија (ЕУ) и нејзиниот пристапен процес се јавува како предмет на бројни истражувања на јавното мислење. Меѓутоа, најголемиот број од овие истражувања се од ad hoc природа и ретко кога се врамени во лонгитудинална и конзистентна методолошка рамка. Постои очигледен недостаток од унифицирани бази на податоци кои би понудиле повторливи истражувања на јавното мислење кои би ги мереле ставовите на јавноста низ воедначена и кохерентна методолошка рамка преку повеќегодишни временски периоди. Со цел да се пополни оваа празнина, Институтот за демократија „Социетас Цивилис"- Скопје и Фондацијата „Конрад Аденауер" во 2014 г. започнаа со воспоставување на лонгитудинална база на податоци за јавната поддршка на пристапниот процес и членството на Македонија во ЕУ која би се создавала преку годишни истражувања на јавното мислење засновани на кохерентна методологија и мерење на идентични прашања. Оваа база на податоци се сосредоточува на две димензии на јавното мислење за македонскиот процес на пристапување кон ЕУ коишто се адресираат во секое годишно истражување, а чиешто мерење се ефектуира преку користење на идентична батерија на анкетни прашања. Едната димензија се однесува на утврдување на општи трендови на јавната поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ. Втората цел е да се воспостават детерминанти за таквата поддршка преку долгорочна анализа на влијанието на три фактори: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестии од политички елити и политички партии. Ваквата акумулација на споредливи податоци го отвора патот за воспоставување на посериозни лонгитудинални анализи на поддршката за членството на Северна Македонија во ЕУ. Притоа, како надополнување на овој унифициран дизајн, секое годишно истражување понатаму го испитува и јавното мислење за евроинтеграцискиот процес, низ призма на актуелни теми специфични за конкретни временски периоди, што пак е прикажано во посебна публикација.

Појдовна точка на ваквиот пристап се наодите на монографијата „Јавното мислење и процесот на пристапување на Македонија кон Европската Унија (2004-2014)[1], објавена

[1] Дамјановски, Иван. „Јавното мислење и пристапувањето на Македонија во Европската Унија (2004-2014)", Фондација „Конрад Аденауер" / Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје, 2014 г.

во 2014 г., која воедно ги вклучува и податоците од истражувањето на јавното мислење спроведено во 2014 г., а кое претставува референтна методолошка точка за сите подоцнежни истражувања. Оваа опсежна студија оствари две цели. Прво, утврди општи трендови на поддршка на членството на Северна Македонија во ЕУ кои укажуваат на корелација помеѓу динамиката на поддршката за членство во Европската Унија  и развојот на македонскиот процес на пристапување кон ЕУ манифестирана во два временски периоди: 2004-2009 како период на конзистентна и исклучително висока поддршка и 2010 - 2014 како период на постепен пад на поддршката за членство во ЕУ. Второ, студијата воспостави аналитички модел на детерминантите на поддршката за членство во ЕУ преку соодносот на три фактори на креирање на јавни ставови: рационално-утилитарни, идентитетски и сугестивно влијание на политичките партии.[2] Рационално-утилитарната рамка ја претпоставува важноста на калкулацијата на материјални придобивки како главен двигател на ставовите на поединците за поддршка на процесот на европска интеграција.  Во овој контекст, поддршката може да се заснова на моментални или идни перцепции околу личната или општествената корист од пристапувањето кон Европската Унија. Од друга страна, поддршката на процесот на европска интеграција може да биде резултат и на влијанието на идентитетски и вредносни фактори кои го обликуваат светогледот на поединецот, кој следствено е основа за формирањето на ставовите кај поединецот. Притоа, степенот на национална самоидентификација и чувството за културолошка закана се манифестираат како примарни фактори за варијација во ставовите. Конечно, формирањето на јавните ставови околу членството во Европската Унија може да биде и резултат на влијание на политичките партии кои се способни своите ставови околу одредени важни општествени прашања да ги наметнат на своите симпатизери. Оттука, се претпоставува дека разликите во ставовите околу процесот на европска интеграција зависат од воедначеноста на ставовите на политичките партии околу ова прашање.

2 За пошироко теоретско објаснување на моделот, cf. ibid, стр. 13–24

# ЗА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Оваа анализа на јавното мислење во однос на македонскиот процес за пристапување во Европската Унија спроведена во 2024 година се надоврзува на истражувањата спроведени во 2014, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2022 и 2023 година. Таа го користи истиот теоретски и аналитички модел на утврдување на детерминантите на поддршка за членството на Северна Македонија во ЕУ, а во исто време ги споредува нејзините емпириски наоди со наодите од претходните истражувања.

Примарните податоци кои се користат во оваа анализа произлегуваат од анкетно истражување на јавното мислење спроведено во периодот октомври-декември 2024 година на примерок од 1056 испитаници. Примерокот е национално репрезентативен според пол, возраст (над 18 години) и етничка припадност, а исто така ги опфаќа и испитаниците од сите шест изборни единици во државата. Резултатите се прикажани во проценти и се предмет на статистичка грешка од ±3%.

Ова истражување користи иста методологија и прашалник како анкетните истражувања спроведени во минатите години. Со ваквиот пристап се создаваат услови за мини лонгитудинална анализа на поддршката за пристапувањето на Северна Македонија кон Европската Унија во последните десет години. Дополнително на тоа, прашалникот од овогодишното и од истражувањето од минатата година е делумно ажуриран со воведување на едно сосема ново прашање и со измени на некои од постоечките варијабли. Оттука, во согласност со претходно воспоставениот аналитички модел, оваа студија се фокусира на анализирање на општите трендови и на основните детерминанти на поддршка за членството на Северна Македонија во Европската Унија во периодот 2014-2024 година.

# ОПШТИ ТРЕНДОВИ

Намалената поддршка кај јавноста за членство на Северна Македонија во ЕУ која се забележува изминатава деценија може во голема мера да се припише на нискиот кредибилитет на перспективата за пристапување на земјата во ЕУ, што првично беше предизвикано од продолжената грчка блокада на процесот поради на долгогодишниот спор за името помеѓу двете држави. Иако се очекуваше решавањето на ова прашање во 2019 година, по ратификацијата на Договорот од Преспа, да го засили пристапниот процес, овој ентузијазам се покажа како краткотраен. До крајот на 2020 година, почетокот на пристапните преговори уште еднаш беше попречен со нова блокада поврзана со нов билатерален спор со Бугарија, кој вклучува прашања поврзани со националниот идентитет, историја и јазик.

Ваквиот застој беше привремено отстранет кога македонската влада го одобри „францускиот предлог" поддржан од ЕУ, кој (меѓу другите услови) го наметна и признавањето на бугарското малцинство во македонскиот Устав. Одлуката, иако контроверзна, овозможи придвижување на процесот на пристапување со вградување на овие услови во преговарачката рамка на ЕУ, започнување на процесот на скрининг и почеток на формалните преговори со ЕУ.

Меѓутоа, пристапните преговори не можеа да напредуваат во следната фаза бидејќи уставните измени не се остварија поради недостаток на меѓупартиски консензус во Собранието. Во мај 2024 година дојде до промена на власта по убедливата победа на опозицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ која, набргу по изборите, формираше владина коалиција со ВЛЕН, новоформирана коалиција на партии што ги претставуваат етничките Албанци во земјата. Иако новата влада го задржа пристапувањето во ЕУ како главен приоритет, таа сепак не се согласи да ги поддржи уставните амандмани како што е предвидено во преговарачката рамка на ЕУ, освен ако ЕУ не обезбеди цврсти гаранции дека процесот нема да биде попречен од дополнителни услови или пречки од Бугарија.

Од друга страна, во мај 2024 година, Советот на ЕУ официјално го усвои Планот за раст за Западен Балкан кој предвидува значителна финансиска помош за регионот. Во месец октомври, Европската комисија ја одобри Реформската агенда за Северна Македонија која го отвори патот за првични исплати во согласност со Планот за раст.
Ваквите амбивалентни сигнали немаа значаен ефект врз општата поддршка за членство во

ЕУ во 2024 година. Вкупно 62% од населението продолжува да ги поддржува аспирациите за членство на Северна Македонија, што (иако статистички не е многу значајно) претставува пораст од два проценти во споредба со претходната година (графикон 1). Овој благ пораст значи запирање на четиригодишниот пад на поддршката за интеграцијата во ЕУ. Во исто време, процентот на евроскептично население останува речиси ист и тој изнесува 11%. Групата на неопределени и апатични испитаници сочинува една четвртина од населението, што претставува намалување од 4% во споредба со претходната година.

Веќе воспоставениот тренд на значителен диспаритет во поддршката за членство во ЕУ меѓу двете најголеми етнички групи во Северна Македонија, етничките Македонци и етничките Албанци, се потврдува во резултатите од истражувањето направено во 2024 година. Вкупно 56% од испитаниците кои се етнички Македонци ги поддржуваат аспирациите за членство на Северна Македонија во ЕУ, што е 3% повеќе отколку во 2023 година. Од друга страна, поддршката за членство во ЕУ кај етничките Албанци во Северна Македонија е зголемена за 4% и достигна 82% од населението. Сличен јаз е евидентен и во распределбата на евроскептични ставови, бидејќи 15% од етничките Македонци отворено се против членството во ЕУ, наспроти само 3% од етничките Албанци. Кумулативниот број на неопределени и апатични испитаници кај етничките Македонци и понатаму е на релативно високо ниво (28%).

Слично на претходните години, нивото на образование се јавува како најстабилна позитивна детерминанта за поддршка на членството во ЕУ. Најмладите и највозрасните сегменти од населението, исто така, и понатаму се најмалку ентузијасти за идејата за членство во ЕУ. Помалку од 50% од испитаниците на возраст од 65 и повеќе години го поддржуваат членството во ЕУ, додека приближно 60% од населението на возраст меѓу 18 и 24 години го дели истото чувство. Иако поддршката во последнава демографска група е зголемена за 7% во споредба со претходната година, нивото на поддршка сепак е пониско во споредба со групата на возраст меѓу 25 и 54 години, која е значително поприемчива за идејата за членство во ЕУ (приближно 70%). Покрај тоа, една третина од младата популација не би гласала на хипотетички референдум за членство на Северна Македонија во ЕУ.

**Графикон 1[3].** **Доколку следната недела би се одржал референдум за членство на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале?**




Идејата за членство во ЕУ и понатаму претставува важен сентимент за речиси 70% од населението (табела 1). Сепак, распределбата на ставовите во изминативе две години добива понијансиран карактер, бидејќи интензитетот на важноста се намалил за речиси 20%. Ова значи дека сега само 35% од населението му придава големо значење на членството во ЕУ, што претставува големо намалување од 54% во 2022 година. Во меѓувреме, процентот на испитаници кои придаваат одредена важност на перспективата за членство се искачи на 33% во истиот период. Уделот на поединци за кои членството во ЕУ има мало или воопшто нема никакво значење исто така се зголеми и сега опфаќа една третина од населението. Претпоставката за постоење на меѓуетнички јаз се потврдува и со резултатите добиени од истражувањето спроведено од 2024 година каде 55% од испитаниците етнички Албанци придаваат големо значење на членството во ЕУ, што е за речиси 30% повеќе во споредба со етнички македонски колеги. Спротивно на тоа, значителен дел (35%) од испитаниците етнички Македонци не го сметаат пристапувањето во ЕУ како важно нешто. Нивото на образование исто така се забележува како клучен предиктор за постоење на ваквото мислење, бидејќи уделот на испитаници кои му придаваат големо значење на членството во ЕУ е многу поголем кај групата на лица со високо образование.

[3] Бидејќи децималните броеви се заокружени, вкупниот број можно е да не изнесува 100% (оваа забелешка се однесува за сите графикони и табели)

Табела 1

| Колку за вас е лично важно Северна Македонија да стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % | 2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу важно | 48 | 48 | 54 | 56 | 36 | 36 | 51 | 54 | 39 | 35 |
| Донекаде важно | 36 | 29 | 20 | 24 | 35 | 34 | 26 | 21 | 34 | 33 |
| Донекаде неважно | 5 | 5 | 6 | 5 | 10 | 13 | 5 | 7 | 6 | 14 |
| Воопшто не е важно | 10 | 16 | 18 | 14 | 18 | 16 | 16 | 16 | 19 | 15 |
| Не знам | 1 | 1 | 1,5 | 1 | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 2 |
| Нема одговор/ одбива да одговори | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 |

Трендовите во перцепцијата на македонското население во однос на напредокот во пристапувањето во ЕУ во изминатава година станаа поконзистентни со степенот на кредибилитетот на овој процес. Кумулативниот процент на испитаници кои констатираат напредок во процесот на пристапување е нешто што постепено се намалува. Во 2024 година, за прв пат, помалку од половина од населението (47%) констатирало барем одреден напредок во процесот на европска интеграција (табела 2). Една четвртина од населението смета дека земјата остварила минимален напредок во изминатава година. Од друга страна, пак, 34% од испитаниците се со став дека воопшто нема напредок во пристапниот процес во 2024 година а дополнителни 11% сметаат дека земјата, всушност, назадувала во нејзиното пристапување кон ЕУ. Како што се очекуваше, меѓуетничкиот јаз е евидентен и во однос на ова прашање, иако во помал степен во споредба со претходните години. Мало мнозинство од етничките Македонци имаат песимистички став во врска со степенот на напредок во ЕУ интеграцијата на Северна Македонија кој бил остварен во текот на 2024 година. Речиси 40% во оваа демографска група сметаат дека воопшто нема напредок, додека дополнителни 11% сметаат дека процесот назадувал. Спротивно на тоа, речиси 40% од етничките Албанци забележале минимален напредок во процесот на пристапување во изминатата година а 23% од испитаниците сметаат дека воопшто нема напредок.

Табела 2

| Во однос на оваа година (2024), колку сметате дека Северна Македонија напреднала во процесот на европска интеграција? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % | 2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Многу напреднала | 14 | 11 | 13 | 13 | 11 | 10 | 11 | 10 | 6 | 4 |
| Донекаде напреднала | 33 | 28 | 31 | 25 | 27 | 38 | 27 | 23 | 22 | 18 |
| Малку напреднала | 20 | 20 | 20 | 28 | 23 | 27 | 21 | 20 | 24 | 25 |
| Воопшто немало напредок | 26 | 30 | 27 | 30 | 33 | 20 | 33 | 30 | 35 | 34 |
| Се случило уназадување | 5 | 7 | 2 | 2 | 5 | 5 | 4 | 13 | 10 | 11 |
| Не знам | 2 | 3 | 7 | 2 | 1 | 1 | 3 | 3 | 2 | 8 |
| Нема одговор/ одбива да одговори | 0 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 |

Во изминативе три години се констатираат забележителни варијации во тоа како населението ги перципира главните пречки за перспективите за членство на Северна Македонија во ЕУ. Постојната блокада на процесот на пристапување, која произлегува од билатералниот спор со соседна земја-членка на ЕУ, повторно доби на сила во изминатава година. Така, 43% од населението смета дека опструкциите од соседните држави се најголемата пречка за напредокот на Северна Македонија за пристапување во ЕУ (графикон 2). Оваа бројка претставува пораст од 13% во споредба со 2023 година. Од друга страна, постои драстично поместување во однос на дистрибуцијата на ставовите кои велат дека недостатокот на домашни реформи е најзначајна бариера за членството во ЕУ. Приближно 20% од населението го дели ова мислење, што е над 20% помалку во споредба со претходната година. Конечно, се забележува стабилно зголемување на бројот на испитаниците според кои неподготвеноста на ЕУ да ја прифати Северна Македонија како членка е најголемата пречка за аспирациите на државата за членство во ЕУ. Оваа промена во јавната перцепција укажува на постоењена јасен тренд на перцепирање на надворешните фактори, наместо на домашните прашања, како главни причини за забавување на процесот на пристапување на земјата во ЕУ.

**Графикон 2 .[4] Според вашето мислење, која е главна причина зошто Северна Македонија с уште не е членка на ЕУ?**




Неодамнешните трендови упатуваат на тоа дека македонската јавност развива пореални очекувања во однос на временската рамка за членство на Северна Македонија во ЕУ (табела 3). Помалку од 20% од испитаниците веруваат дека Северна Македонија ќе влезе во ЕУ во следниве три до пет години. Нешто помалку од една третина од населението смета дека членството во ЕУ може да се оствари во наредната деценија, додека дополнителни 17% очекуваат тоа да се случи во следните 20 години. Бројот на песимистички испитаници кои не веруваат дека земјата некогаш ќе стане членка на ЕУ сè уште е на релативно високо ниво и изнесува 26%. Етничките Македонци остануваат поголеми песимисти во споредба со етничките Албанци. Додека мнозинството етнички Албанци веруваат дека земјата ќе стане членка на ЕУ во следните 10 години, една третина од етничките Македонци се убедени дека членството во ЕУ е недостижно. Сепак, ваквото чувство не е толку нагласено како што тоа беше случај во претходната година (2023) затоа што процентот на оние кои се песимисти кај етничките Македонци е намален за 10% во 2024 година.

4 Графиконот не ги вклучува вредностите за оние испитаници кои одбиваат да одговорат на прашањето. Во сите случаи овие вредности се еднакви или помали од 3%.

Табела 3

| Кога сметате дека Северна Македонија ќе стане членка на ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % | 2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Во следните 3 години | 14 | 18 | 27 | 23 | 14 | 20 | 18 | 11 | 8 | 5 |
| Во следните 5 години | 18 | 22 | 22 | 25 | 20 | 28 | 16 | 16 | 13 | 12 |
| Во следните 10 години | 21 | 18 | 12 | 17 | 21 | 25 | 18 | 21 | 31 | 28 |
| Во следните 20 години | 12 | 7 | 7 | 14 | 16 | 9 | 11 | 15 | 11 | 17 |
| Никогаш | 23 | 25 | 20 | 17 | 24 | 15 | 29 | 32 | 30 | 26 |
| Не знам/ одбива да одговори | 11 | 10 | 11 | 5 | 4 | 3 | 8 | 6 | 7 | 11 |

# ДЕТЕРМИНАНТИ НА ПОДДРШКА НА ПРОЦЕСОТ НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

## Рационалистичко-утилитарни фактори

Претходните истражувања на јавното мислење во однос на детерминантите за поддршката на европската интеграција во Северна Македонија утврдија цврста корелација помеѓу рационалистичко-утилитарните фактори и позитивните ставови кон членството во ЕУ. Накратко, поддржувачите на кандидатурата на земјата за членство во ЕУ го формираат своето мислење на оваа тема врз основа на нивните очекувања за материјалистички придобивки како резултат на успешниот процес на пристапување и последователните финансиски придобивки од членството. Подеталната анализа на податоците дополнително укажува дека овие изјави за поддршка се повеќе од социотропна, а не од егоистичка природа. Ова значи дека населението кое ги поддржува аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ е вклучено во процесот затоа што испитаниците предвидуваат идни материјалистички придобивки од кои ќе има корист целото македонско општество, а не тие лично.

Овој тренд продолжува исто така и во 2024 година. Вкупно 35% од испитаниците кои ги поддржуваат аспирациите за членство на Северна Македонија во ЕУ своето мислење го засноваат на очекувањата дека членството во ЕУ ќе го подобри животниот стандард во земјата (табела 4). Дополнителни 13% ја поддржуваат интеграцијата во ЕУ затоа што имаат очекување дека тоа ќе помогне да се намали невработеноста. На крајот, 10% од поддршката за членство во ЕУ е поттикната од очекувањето на поголеми можности за мобилност на работниците и полесен пристап до работни места во странство. Севкупно земено, речиси 60% од испитаниците кои се за членство во Европската Унија се мотивирани од материјалните очекувања. Притоа, како што може да се забележи во табелата 4, утилитарната димензија на поддршката за членство во ЕУ е помалку истакната во изминативе 6 години. Нематеријалните фактори како што се очекувањата за поголема демократија, поголема стабилност и безбедност и чувството на припадност кон „европското семејство на држави", се прашања кои исто така стануваат релевантни. Ова е особено случај со очекувањата за поголема стабилност, што е чувство што го споделуваат речиси 20% од поддржувачите на членството во ЕУ. Накратко кажано, точно е дека економските придобивки се честопати примарен двигател на нештата, но нематеријалните придобивки, како што се демократските реформи, стабилноста и културната интеграција, исто така сѐ повеќе се препознаваат како клучни позитивни резултати од членството на Северна Македонија во ЕУ.

Табела 4

| Која е причината за вашиот глас за членство во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % | 2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на животниот стандард | 29 | 46 | 51 | 36 | 22 | 21 | 23 | 23 | 25 | 35 |
| Намалување на невработеноста | 26 | 17 | 23 | 22 | 18 | 19 | 16 | 18 | 14 | 13 |
| Унапредување на демократијата | 10 | 5 | 7 | 9 | 13 | 13 | 14 | 12 | 13 | 10 |
| Мобилност на работници/ полесен пристап до работа во странство | 3 | 10 | 5 | 6 | 15 | 16 | 14 | 15 | 15 | 10 |
| Чувство на припадност кон „европското семејство на држави" | 2 | 5 | 2 | 4 | 13 | 13 | 12 | 11 | 14 | 13 |
| Поголема сигурност и стабилност на земјата | 27 | 16 | 12 | 23 | 19 | 19 | 20 | 20 | 19 | 18 |
| Не знам/ нема одговор | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 |

Рационалистичко-утилитарниот аргумент е потврден и со перцепциите кај јавноста за тоа кои аспекти на општеството најмногу би имале корист од членството на Северна Македонија во ЕУ (табела 5). Речиси една третина од населението верува дека економскиот развој ќе биде најголема придобивка од успешното пристапување во ЕУ, што претставува зголемување од 9% во однос на претходната година. Дополнителни 18% очекуваат подобрување на квалитетот на животот во целина, додека 13% предвидуваат дека област на која најмногу ќе влијае членството во ЕУ е невработеноста. Спротивно на тоа, нематеријалните очекувања се поретки, иако 16% од испитаниците предвидуваат дека клучна придобивка од интеграцијата во ЕУ ќе биде поголема стабилност на државата. Само 9% од испитаниците очекуваат позитивни придобивки во областа на човековите права и слободи.

Табела 5

| На која област најмногу ќе влијае членството на Северна Македонија во ЕУ? | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % | 2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Развој на економијата | 23 | 25 | 25 | 20 | 18 | 19 | 19 | 21 | 18 | 27 |
| Стабилност | 13 | 15 | 15 | 13 | 14 | 12 | 13 | 17 | 12 | 16 |
| Намалување на невработеноста | 23 | 18 | 21 | 19 | 20 | 21 | 15 | 17 | 14 | 13 |
| Човекови права и слободи | 12 | 9 | 12 | 14 | 12 | 11 | 12 | 12 | 12 | 9 |
| Подобрување на инфраструктурата | 6 | 5 | 5 | 9 | 11 | 13 | 11 | 9 | 13 | 8 |
| Квалитетот на животот во целина | 16 | 18 | 11 | 13 | 17 | 16 | 15 | 18 | 19 | 18 |
| Зајакнување на националниот идентитет | 3 | 4 | 4 | 7 | 3 | 5 | 9 | 6 | 7 | 2 |
| Друго | 1 | 3 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 0 | 2 | 0 |
| Не знам | 3 | 3 | 6 | 3 | 3 | 1 | 2 | 0 | 4 | 5 |

Последниот дел од оваа секција се фокусира на перцепциите на јавноста за тоа каква е корелацијата помеѓу интеграцијата во ЕУ и проблемот со иселување на младото население и одливот на мозоци од Северна Македонија. Значително мнозинство (60%) од населението не верува дека придобивките од пристапувањето во ЕУ ќе бидат доволни за да се спречи младата популација да ја напушта земјата (графикон 4). Од друга страна, нешто повеќе од една третина од населението се пооптимисти и очекуваат дека членството во ЕУ ќе помогне да се намалат овие трендови на одлив и миграција. Од демографска гледна точка, повторно постои значителна разлика во мислењата меѓу етничките Македонци и етничките Албанци. Додека речиси половина од испитаниците етнички Албанци веруваат дека членството во ЕУ ќе ја намали миграцијата на младото население и проблемот со одлив на мозоци, близу 70% од етничките Македонци се убедени дека пристапувањето во ЕУ нема да има никакво влијание врз овие случувања.

**Графикон 4** **Дали сметате дека членството во ЕУ ќе го намалу процесот на иселување на младите луѓе од државата?**



# Идентитетски и вредносни фактори

Со оглед на тоа дека утилитарните фактори одамна се препознаени како главни двигатели на поддршката за членство на Северна Македонија во ЕУ, во исто време се забележува и сè поголема застапеност на сентименти на загриженост во однос на идентитетот и на вредностите како клучни фактори кои ги обликуваат евроскептичните ставови. Со текот на времето, перцепциите во врска со културните закани поврзани со наднационалната природа на европската интеграција, како и стравувањата од поткопување на суверенитетот како резултат на процесот на пристапување, се нешта кои сè повеќе се појавуваат како значајни предиктори на противењето за членство во ЕУ. Ваквата загриженост во однос на вредностите и идентитет сега има централно место во формирањето на евроскептичните чувства кај македонската јавност.

Следствено, резултатите од истражувањето спроведено во 2024 година покажуваат дека голем дел од евроскептичните испитаници го засноваат своето мислење на перцепции кои се однесуваат на културни закани и на други детерминанти кои се засновани на идентитет. Така, 22% од евроскептичните испитаници се против идејата за членство во ЕУ поради страв дека тоа ќе има негативно влијание врз националниот идентитет. Еднаков процент од испитаниците (22%) се против членството во ЕУ како форма на искажување протест поради промената на уставното име на државата што се случи како последица на договорот од Преспа кој беше поддржан од ЕУ. Дополнителни 15% не го поддржуваат членството во ЕУ затоа што тоа го сметаат за закана за националниот суверенитет, додека 13% сметаат дека нема смисла да се поддржи членството во ЕУ бидејќи ЕУ ги изгубила своето значење и цел. Само 14 отсто од евроскептичната популација своето мислење за членството во ЕУ го формира врз основа на материјални фактори, односно на претпоставката дека тоа негативно ќе се одрази на животниот стандард во државата и дека ќе ја поткопа македонската економија.

Графикон 5 Поради која причина би гласале против членство во ЕУ?




Во изминативе две години се забележува речиси идентична распределба на ставовите во однос на себеперцепцијата кај испитаниците за својот идентитет. Огромно мнозинство од населението (73%) се перципира себеси низ објективот на ексклузивен (етнички) идентитет. Вкупно 21% од населението си придава втор, европски идентитет покрај своето изворно чувство на етничка/национална припадност. Бројот на граѓани кои истакнуваат европски идентитет пред својот изворен етнички/национален идентитет е исклучително низок.

Табела 6

| **Пред сè, дали се чувствувате како** | 2014 % | 2016 % | 2017 % | 2018 % | 2019 % | 2020 % | 2021 % | 2022 % | 2023 % | 2024 % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Само Македонец/ Албанец/ друго | 69 | 70 | 77 | 69 | 67 | 78 | 60 | 77 | 71 | 73 |
| Македонец/ Албанец/ друго и Европеец | 20 | 20 | 15 | 20 | 24 | 14 | 25 | 13 | 20 | 21 |
| Европеец и Македонец/ Албанец/ друго | 6 | 7 | 3 | 4 | 7 | 7 | 10 | 3 | 3 | 4 |
| Само Европеец | 3 | 3 | 3 | 5 | 1 | 1 | 2 | 3 | 4 | 1 |
| Не знам | 2 | 1 | 2 | 1 | 1 | 0 | 3 | 3 | 2 | 1 |

Резултатите од истражувањето спроведено во 2024 година се во добра корелација со лонгитудиналните трендови (исклучок е истражувањето од 2023 година) кои го поддржуваат аргументот дека не постои значајна врска помеѓу изјавите за ексклузивен етно-национален идентитет и евроскептицизмот, бидејќи распределбата на ставовите во рамките на оваа демографска група е слична на општата дистрибуција прикажана во графиконот 1. Во согласност со очекувањата, групата на испитаници кои изјавуваат двоен (етнички и европски) идентитет во голема мера ги поддржува аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ.

# Сугестии од политичките партии

На крајот, го мериме влијанието на сугестиите кои доаѓаат од политичките партии, како фактори за формирање став во однос на процесот на европска интеграција во Северна Македонија. Улогата на партиските сугестии како предиктори на јавното мислење се заснова на претпоставката дека, поради дефицитот од информации во врска со сложените политички процеси како што е процесот на европска интеграција, симпатизерите на политичките партии добиваат индиции од нивните соодветни партиски раководства кога формираат мислења за прашања поврзани со тие процеси. Нашите лонгитудинални анализи на корелацијата меѓу мислењата на партиските симпатизери и официјалните ставови на соодветните партии генерално ја потврдуваат хипотезата за сугестии од политичките партии.

Во текот на целиот временски период што е опфатен во оваа анализа, практично сите релевантни политички партии во Северна Македонија официјално ги поддржуваат аспирациите на земјата за европска интеграција и членство во ЕУ. Сепак, и покрај општиот партиски консензус, имаше значителни разлики меѓу главните политички партии во однос на повеќе случувања поврзани со процесот на пристапување и за некои аспекти на политичката условеност од ЕУ во тој процес.

Од една страна, најголемата опозициска партија, СДСМ, континуирано ги става евроинтеграциите како највисок приоритет на својата политичка агенда. Партијата го поддржува исполнувањето на условите поставени во преговарачката рамка, вклучително и уставните измени, како предуслов за продолжување на пристапните преговори со ЕУ. Од друга страна, ВМРО-ДПМНЕ стана водечка партија во коалицијата што ја формираше новата влада по организирањето на општите избори во мај 2024 година. ВМРО-ДПМНЕ, сега во својство на владејачка партија, и понатаму продолжи силно да го поддржува процесот на пристапување во ЕУ. Сепак, нејзиното раководство е цврсто на ставот да не ги поддржува уставните измени без гаранции од ЕУ дека процесот на пристапување нема да биде попречен од дополнителни услови или блокади од Бугарија или од други билатерални спорови.

Имајќи го предвид претходно наведеното, може да се претпостави дека, со прифаќањето сигнали од своето партиско раководство, испитаниците кои се симпатизери на СДСМ повеќе би го поддржале пристапниот процес во споредба со поддржувачите на ВМРО-

ДПМНЕ затоа што партијата не е подготвена да го поддржи исполнувањето на некои од политичките услови наметнати од ЕУ. Овој аргумент е донекаде потврден со резултатите од истражувањето од 2024 година (графикон 6). Процентот на симпатизери на СДСМ кои ги поддржуваат аспирациите на Северна Македонија за членство во ЕУ експоненцијално се зголемува во последниве три години и достигна историски максимум од 96%. Од друга страна, се констатира забележителна промена на ставовите кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во споредба со 2023 година. Имено, во 2024 година, мнозинството од 55% од симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ ја поддржуваат идејата за членство во ЕУ, што е пораст од 12% во споредба со 2023 година. Ова е веројатно одраз на фактот што партијата премина од опозициона кон власт и на можниот пад на интензитетот на билатералниот спор со Бугарија. Сепак, значителен дел од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ се или против членството во ЕУ (20%) или се во таборот на неопределени (8%) или апатични (17%) испитаници.

**Графикон 6[5]** **Доколку следната недела би се одржал референдума за членство на Република Северна Македонија во ЕУ, како би гласале**




5 Анализата ги зема предвид само податоците за двете најголеми партии во земјава – ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Податоците за другите партии не се вклучени поради малата големина на примерокот. Во графиконот не се вклучени вредностите кои се однесуваат на одговорите *Не знам* и *Нема да гласам*.

Уште еден показател што го отсликува влијанието кое го имаат партиските индиции врз формирањето на ставови е дистрибуцијата на резултатите во однос на прашањето за тоа каков е постигнатиот напредок во пристапувањето во ЕУ во изминатава година. Новата динамика на владејачката наспроти опозициската партија која се случи по изборите во мај 2024 година целосно ги смени ставовите на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и на СДСМ во однос на ова конкретно прашање. На пример, во 2023 година, неверојатни 93% од поддржувачите на СДСМ веруваа дека има значителен напредок во пристапниот процес. Во 2024 година, приближно 60% од истата демографска група сметаат дека земјата не напредувала или дека назадувала во пристапниот процес, што најверојатно е одраз на критиките на раководството на партијата за тоа како новата влада управува со пристапниот процес. Од друга страна, пак, изборите и формирањето на новата влада имаа обратен ефект врз мислењето на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Во 2023 година, на пример, 70% од поддржувачите на ВМРО-ДПМНЕ смета дека Северна Македонија воопшто не напредувала или дека назадувала во процесот на интеграција во ЕУ, додека во 2024 година приближно 60% од истата категорија на испитаници се на мислење дека постои одреден напредок во изминатава година.

# Информации за КАС

–

Слобода, правда и солидарност се основните начела врз кои почива работата на фондацијата Конрад Аденауер Штифтунг (КАС). КАС е политичка фондација тесно поврзана со Христијанската Демократска Унија на Германија (ЦДУ). Ние работиме на образовни програми за општеството и соработуваме со владини институции, политички партии, граѓански организации и избрани елити, градејќи силни партнерства. Заедно со нашите партнери даваме придонес кон создавањето на меѓународен поредок, кој овозможува секоја земја да се развива во духот на слободата и својата одговорност.

**Контакт податоци за КАС**

**-**

Адреса: ул. Ристо Равановски
бр.8, 1000 Скопје.
Телефонски број: +389 2 321 70 75
+389 23 21 70 76,
електронска пошта: Skopje@kas.de

# Информации за ИДСЦС

–

ИДСЦС е тинк тенк организација која го истражува развојот на доброто управување, владеењето на правото и европските интеграции на Северна Македонија. ИДСЦС има мисија да ја помогне граѓанската вклученост во носењето на одлуки и да ја зајакне партиципативната политичка култура. Преку зајакнување на слободарските вредности, ИДСЦС придонесува на соживот помеѓу различностите.

**Контакт податоци за ИДСЦС**

**-**

Адреса: ул. Мирослав Крлежа
бр. 52/1 /2, 1000 Скопје
Тел. бр.: +389 2 3094 760 ,
електронска пошта: contact@idscs.org.mk

# Податоци за авторот

**Иван Дамјановски** е професор на Политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговите истражувачки интереси се фокусирани на демократизација, европеизација на земјите кандидати, проширувањето на ЕУ, диференцијална интеграција, теоријата за европска интеграција и етничките идентитети.

IDSCS | Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

KONRAD ADENAUER STIFTUNG